ФЕДЕРАЦИЈА НА УЧИЛИШЕН СПОРТ НА МАКЕДОНИЈА



П Р А В И Л Н И К

ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ

Октомври, 2012 г.

Согласно Законот за спорт и мерилата и критериумите за финансирање на јавниот интерес во спортот и член 24 од Статутот на Федерацијата на училишен спорт на Македонија, Извршниот одбор на ФУСМ одржана на ден 10.10.2012 година, го донесе следниот

ПРАВИЛНИК

За финансирање на активностите на
Федерација на училишен спорт на Македонија

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се регулира финансирањето во училишниот спорт, кое во најголем дел е обезбедено од Буџетот на Република Македонија преку Агенцијата за млади и спорт.

Член 2

Федерацијата на училишен спорт на Македонија учествува во финансирање, донесување на трошоци на следниве активности:

1. Регионални натпревари
2. Зонски натпревари
3. Државни првенства
4. Училишни државни спортски игри
5. Државни лиги
6. Државни спортски игри за ученици со пречки во развој
7. Меѓународни натпревари
8. Наградување на наставниците – професорите за освоените места на државните првенства и училишните државни спортски игри во сите спортови
9. Наградување на наставниците – професорите преку семинари за стручно усовршување
10. Издавање книги за потребите на училишниот спорт
11. Издавање на Списание **Училишен спорт**
12. Организирање училишни спортски кампови
13. Набавка на спортска опрема
14. Други активности поврзани со училишниот спорт /за патронат, промоции и сл./
15. Организирање на состаноци
16. Функционирање на канцеларијата на ФУСМ

Член 3

Сите општински организации и зонски центри /Скопје, Тетово, Охрид, Битола, Струмица, Велес, Куманово и Кочани/, како членки на Федерацијата на училишен спорт на Македонија за општинските, зонски и регионални натпревари се финансираат со плаќање на котизација од екипите учеснички или општинските сојузи.

Износот на котизацијата за општинските натпревари ја одредува општинскиот сојуз, а износто на котизацијата за зонските и регионалните натпревари, ги одредуваат зонските центри и регионалните одбори.

Член 4

Во рамките на државните првенства се организираат натпревари за основните и средните училишта во машка и женска конкуренција во следните спортови: одбојка, пинг-понг, футсал, фудбал кошарка, ракомет, атлетика, карате, скијање, шах, борење, стрелаштво, спортска гимнастика, тенис, пливање, тенис, кајак, Есенски и Пролетен крос. Листата на спортови може да се прошири или редуцира доколку за тоа има интерес од соодветните федерации и училиштата.

ОПШТИНСКИ НАТПРЕВАРИ

Член 5

Трошите на Општинските натпревари се покриваат од ОСУС соглано член 3. Средствата за таа намена се обезбедуваат од буџетите на општинските сојузи и од уплатената членарина, која се уплаќа на жиро сметка во Општинскиот сојуз. Исто така, може дел од трошоците да се покриваат и од буџетот на општината.

РЕГИОНАЛНИ НАТПРЕВАРИ

Член 6

Дел од трошоците за регионалните натпревари се покриваат од ФУСМ според критериумите од член 3. Средствата за таа намена се префрлаат во регионалните центри. Основниот извор за сите регионални натпревари е од котизацијата за регионални натпревари, која се уплаќа од екипата учесник на сметката на домаќинот-организатор на регионалните натпревари, согласно член 3 став 2 од овој правилник.

Трошоци за финален регионален турнир

- домаќин-организатор ..... 1.000,оо денари од ден
- делегат ..... 200 денари од натпревар
- судии 2 x 150 ..... 300 денари од натпревар
- записничар-мерач на време 2 x 50 .. 100 денари од натпревар
- лекар ..... 400 денари од ден
- водачи на екипи ..... 400 денари од ден

ДРЖАВНИ ПРВЕНСТВА

Член 8

Организациските трошоци заедно со дипломите, пехарите и медаљите за сите спортови наведени во Член 4, вклучувајќи ги и пансионските трошоци, наставниците – професорите /по еден од екипа/, како и патните и дневните трошоци на еден член од Регистрационата комисија и еден претставник на Федерацијата целосно ги покрива ФУСМ Дополнителен извор се обезбедува од Републичката годишна регистрација /150 денари/, кога се уплаќа на жиро сметка во Општинската организација, односно домаќинот-технички организатор и се наменети за организациски трошоци.

Член 9

Организациски трошоци за спортските игри /кошарка, ракомет, одбојка, футсал и фудбал.

-за еден судија	**200 денари од натпревар**
-записничар	**50 денари од натпревар**
-мерач на време	**50 денари од натпревар**
-лекар	**700 денари од ден**
-делегат	**1.000 денари до ден**
-хигиеничар	**200 денари од ден**
-организатор-домаќин /одговорен наставник/	**1.000 денари од ден**

- **патни и пансионски трошоци за еден пар судии по два пансиона**
- **пансионски трошоци за наставник – професор кој ја води екипата /тренер/ два пансиона**
- **патни и пансионски трошоци за делегат /два пансиона/**

Член 10

Организациски трошоци за индивидуалните спортови:

Атлетика
- 15 судии х 300 денари од ден
- Еден делегат х 700 денари од ден
- За одржување на борилиште 700 денари од ден
- Лекар 700 денари од ден
- Организатор-домаќин 700 денари од ден

Пинг-понг
- 1 делегат х 700 денари од ден
- 6 судии х 300 денари од ден
- Одржување хигена 200 денари од ден
- Лекар 700 денари од ден
- Организатор-домаќин 700 денари од ден

Карате
- 1 делегат х 700 денари од ден
- 8 судии х 300 денари од ден
- Одржување хигена 200 денари од ден
- Лекар 700 денари од ден
- Организатор-домаќин 700 денари од ден.

Скијање
- 1 делегат х 700 денари од ден
- 6 судии х 300 денари од ден
- Организатор-домаќин 700 денари од ден
- Лекар 700 денари од ден

Шах
- 1 делегат х 700 денари од ден
- 4 судии х 300 денари од ден
- Организатор-домаќин 700 денари од ден

Борење
- 1 делегат 700 денари од ден
- 6 судии х 300 денари од ден
- Организатор-домаќин 700 денари од ден
- Лекар 700 денари од ден
- Одржување хигена 200 денари од ден

Стрелаштво
- Организатор-домаќин 700 денари од ден
- делегат 700 денари од ден
- Одржување хигена 200 денари од ден

Спортска гимнастика
- Организатор-домаќин 700 денари од ден
- делегат 700 денари од ден
- судии 10 х 300 денари од ден
- главен судија 600 денари од ден
- одржувач на хигиена 2 х 200 денари од ден
- Лекар 700 денари од ден

Тенис

- Организатор-домаќин 700 денари од ден
- делегат 700 денари од ден
- Лекар 700 денари од ден
- Судии 4 х 300 денари од ден
- Одржувач на терен 2 х 200 денари од ден

Пливање

- Организатор-домаќин 700 денари од ден
- делегат 700 денари од ден
- Лекар 700 денари од ден
- главен судија 600 денари од ден
- судии 8 х 300 денари од ден
- одржувач на хигиена 2 х 200 денари од ден

Крос

- Организатор-домаќин 700 денари од ден
- Записничар 400 денари од ден
- Стартер 600 денари
- Судии 6 х 500 денари
- Лакар 700 денари

Училишни државни спортски игри

- ДСИ игри за Оновни училишта /во непарни години/
- ДСИ за средни училишта /во парни години/

Член 11

Дел од организациските трошоци за училишните ДСИ ги покрива ФУСМ за избраните спортови наведени во член 9 и 10. Пехарите, медалите и наградите се покриваат од покровителот од Буџетот на општината-домаќин и од спонзорство. Дополнителен извор се обезбедува од Котизацијата за државни првенства која изнесува 150 денари, која се уплаќа на сметката на општинската организација, односно домаќинот-технички организатор и се наменети за организациски трошоци.

ДРЖАВНИ НАТПРЕВАРИ ВО ЛИГА СИСТЕМ

Член 12

ФУСМ покрива дел од организациските трошоци за државна лига од најмалку 6 екипи во еден спорт, за основните училишта. За секоја лига училиштата треба да гарантираат покривање на патните трошоци.

ДРЖАВНИ СПОРТСКИ ИГРИ ЗА УЧЕНИЦИ СО ПРЕЧКИ ВО РАЗВОЈ

Член 13

ФУСМ ги покрива сите организациски и пансионски трошоци на наставниците-професорите и учениците на државните спортски игри од основните специјални училишта. Патните трошоци ги покрива училиштето.

МЕЃУНАРОДНИ НАТПРЕВАРИ

Член 14

ФУСМ покрива дел од трошоците за учество на светски првенства и европски игри. Ги обезбедува сите трошоци за шефот на делегацијата определен од ФУСМ.

Патните и други трошкови ги обезбедуваат самите екипи. Исто така ФУСМ ја обезбедува членаринатa во Светската федерација за училишен спорт /ИСФ/, како и дел од трошоците за учество на генералното собрание и другите меѓународни состаноци.

ФУСМ трошоците ќе ги покрие доколку се обезбедат средства, во спротивно учесниците сами ги обезбедуваат средствата.

НАГРАДУВАЊЕ

Член 15

Наградување на наставниците и професорите – тренери на училишни екипи, за постигнати резултати на државни првенства во училишниот спорт се наградува со бруто паричен износ.

Висината на износот на паричната награда за постигнатите резултати на ДП и ДСИ, ја одредува извршниот на ФУСМ со посебна одлука согласно со финансиската состојба на Федерацијата.

1. **Меѓународни натпревари**

Наградувањето за постигнатите резултати на меѓународните натпревари ќе се врши со посебна одлука на Извршниот одбор на Федерацијата.

Член 16

Сите наставници кои освоиле прво, второ и терто место на државните првенства и училишните олимписките игри во спортските игри /кошарка, ракомет, одбојка и мал фудбал/ се наградуваат од ФУСМ со покривање на трошоци за учество на семинар за стручно усовршување /патни трошоци и пансиони/.

Член 17

Висината на наградите и нивната реализација за сите државни првенства и ДСИ, ќе се реализира доколку за тоа се обезбедат средства од Агенцијата за млади и спорт или други извори.

ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

Член 18

Издавањето на книги за потребите на училишниот спорт се помага од Федерацијата со покривање на трошоците за подготовка, а печатарските трошоци ги покрива Агенцијата за млади и спорт.

Член 19

Списанието **Училишен спорт** за подготовката се финансира од средства добиени од продажба, а печатарските трошоци ги покрива ФУСМ

КАМПОВИ, ОПРЕМА, ПРОМОЦИИ, СОСТАНОЦИ.

Член 20

ФУСМ за организирање училишни спортски кампови со опрема и реквизити, како и организирање промоции и состаноци /Собрание и Извршен одбор/ учествува со покривање на трошоците повеќе со средства обезбедени од ФУСМ во соработка со соодветните спортски федерации.

ТРОШОЦИ, РЕЗЕРВНИ СРЕДСТВА

Член 21

ФУСМ обезбедува резервни средства за покривање на непредвидени активности и потреби од **10%** од вкупниот прилив. Режиските трошоци за функционирање на канцеларијата целосно се покриваат од ФУСМ.

ФЕДЕРАЦИЈА НА УЧИЛИШЕН СПОРТ НА МАКЕДОНИЈА

Претседател,
Проф.д-р Александар Туфекчиевски